# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 159** | **15 јуни 2020, понеделник** | **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2022. | **Одлука** за утврдување на постоење на вонредна состојба.......................................................................... | **2** |
| 2023. | **Решение** за изменување и дополнување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија................................................................ | **3** |
| | **Огласен дел**.......................................................................................................................................... | **1-12** |

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2022.**

Врз основа на членовите 125 и 126 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со предлогот на Владата на Република Северна Македонија до Претседателот на Република Северна Македонија да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 дена бр. 44-2329/5 од 15.6.2020 година и известувањето од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија бр. 09-1690/2 од 18.3.2020 година, донесувам

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЊЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

I

Се утврдува постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 дена, заради подготовка и спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со мерки за заштита на јавното здравје во услови на пандемија на Коронавирусот COVID-19.

II

Одлуката се донесува врз основа на образложениот предлог на Владата на Република Северна Македонија бр. 44-2329/5 од 15.6.2020 до Претседателот на Република Северна Македонија, да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 дена, заради подготовка и спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со мерки за заштита на јавното здравје во услови на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за нов вид на вирус кој е проширен на сите континенти и ја зафати територијата на Република Северна Македонија и известувањето од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија бр. 09-1690/2 од 18.3.2020 година дека Собранието на Република Северна Македонија, согласно со Одлуката за распуштање на Собранието на Република Северна Македонија „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 43/20, не може да одржи седница.

III

Одлуката ќе му биде поднесена на Собранието на Република Северна Македонија на потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане.

IV

За времетраењето на вонредната состојба Владата во согласност со Уставот и со закон донесува уредби со законска сила.

V

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-777/3
15 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2023.**

Врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 12 став (1) и членот 15 ставови (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 42/20), а во врска со членот 5 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 72/20 и 154/20), претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, на 15 јуни 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I

Во Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 43/20), точката II се менува и гласи:

„Изборите ќе се одржат на 15 јули 2020 година.“.

II

Во точката III се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Сите изборни дејствија кои се преземени согласно одредбите на Изборниот законик и Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 43/20), до денот на стапување во сила на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 72/20 и 154/20), се сметаат за важечки.

Роковите за преземање на останатите изборни дејствија продолжуваат да течат од денот на престанок на вонредната состојба.“.

III

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 09-2094/1
15 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Собранието на
Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 67 paragrafi 4 i Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe nenit 12 paragrafi (1) dhe neni 15 paragrafët (1) dhe (2) të Kodit zgjedhor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 dhe 27/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 98/19 dhe 42/20), a në lidhje me nenin 5 të Urdhëresës me fuqi ligjore për çështje që kanë të bëjnë me procesin zgjedhor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 72/20 dhe 154/20), Kryetari i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, më 15 qershor të vitit 2020, miratoi

**A K T V E N D I M**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E AKTVENDIMIT PËR SHPALLJEN E ZGJEDHJEVE TË PARAKOHSHME PËR DEPUTETË NË KUVENDIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

I

Në Aktvendimin për shpalljen e zgjedhjeve të parakohshme për deputetë në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ numër 43/20), pika II ndryshohet si vijon:

„Zgjedhjet do të mbahen më 15 korrik të vitit 2020.".

II

Në pikën III shtohen dy paragrafë të ri 2 dhe 3 si vijon:

„Të gjitha veprimet zgjedhore që janë ndërmarrë në përputhje me dispozitat e Kodit zgjedhor dhe Aktvendimit për shpalljen e zgjedhjeve të parakohshme për deputetë në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 43/20), deri në ditën e hyrjes në fuqi të Urdhëresës me fuqi ligjore për çështjet që kanë të bëjnë me procesin zgjedhor („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ numër 72/20 dhe 154/20), konsiderohen të vlefshme.

Afatet për ndërmarrjen e veprimeve tjera zgjedhore vazhdojnë të rrjedhin prej ditës së pushimit të gjendjes së jashtëzakonshme.".

III

Ky Aktvendim hyn në fuqi me ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut."

Nr. 09-2094/1
15.6.2020 viti
Shkup

Kryetar,
m-r **Talat Xhaferi,** d.v.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

ISSN 0354-1622

2020159